МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Декември 2010

БРОЈ 112

Резултатите од форумот пред граѓаните на Радовиш и Конче

Заврши форумскиот процес во Радовиш и Конче. Проектот за набавка на две мултифункционални возила (трактор со цистерна и специјален камион со цистерна) успешно се спроведе, а возилата стигнаа кај јавните комунални претпријатија „Плавја" и „Лакавица".

На осумте сесии на меѓуопштинскиот форум учествуваа повеќе од 750 граѓани. Од октомври 2009 година до крајот на март 2010 година тие дискутираа за проблемите на двете општини поврзани со водоснабдувањето и отпадните води. Ги развиваа почетните идеи во проекти, дебатираа за нив, ги подобруваа и на крај гласаа. Најмногу гласови доби проектот „Техничка опрема за одржување на канализациската мрежа". Буџетот за овој проект изнесуваше 10.834.455 МКД. Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) донираше 6.000.00 0 МКД, а остатокот го обезбедија општините Радовиш и Конче и јавните комунални претпријатија.

Им олесни на вработените во „Плавја" и „Лакавица". Проблемот со застарената опрема или недостатокот на било каква опрема за одржување на канализациската мрежа сега е надминат. Карактеристиките на двете возила овозможуваат, освен за првобитната намена, тие да се користат и за зимско одржување на улиците, интервенции во случај на пожар, собирање комунален цврст отпад итн. „Олеснувањето не е само за нас", велат тие, „нашите услуги ќе се подобрат, а граѓаните ќе бидат многу позадоволни".

И оние поскептичните и оние другите се согласија дека ова е добро искуство за вклучување на граѓаните во креирањето на политиката на нивните општини. Форумскиот процес во Радовиш и Конче го водеше МЦМС.



Училиштето ќе служи во следните 100 години



Дел од програмата на учениците во ОУ „Гоце Делчев", с. Ангелци

„Кога ќе заврнеше дожд, чичко Ѓорѓе веднаш трчаше наоколу и ставеше кофи на места каде што протекуваше кровот" – вака најживописно шестооделенецот Петар ја опиша состојбата на училиштето Гоце Делчев во с. Анѓелци, пред реновирањето. Но протекувањето сега е минато, па затоа Петар, облечен во народна носија од струмичкиот крај, со насмевка раскажува за невољите на домаќинот и на сите што работеле или учеле во училиштето.

Околу 150 учениците на ова основно училиште веќе неколку месеци учат во подобри услови. Со помош на нивите наставници и родители се подготвија и на 14 декември 2010 година ги пречекаа гостите што дојдоа да им честитаат за успехот. Свечено облечени, со погача и локум ги дочекаа на влезот во училиштето. Ходникот беше претесен да ги собере задоволните родители, дојдени да ги слушнат и видат точките што ги подготвиле нивните деца. Малку на македонски, малку на турски, оти во училиштето учат и деца од турската етничка заедница, се нижеа песни, рецитации, ора, ритмички точки, драми...

Гостите, министерот за образование и наука, Никола Тодоров, претставниците на донаторите МЦМС и ТИКА и градоначалникот на општина Василево им посакаа на учениците и наставниците уште долги години да го користат училиштето и да постигнуваат одлични резултати.

Училиштето е изградено во 1946 година и делумно реконструирано во 1997 година. Со оваа реконструкција обновени се внатрешните и надворешните ѕидови, подот, кровот, таваните, прозорците и вратите, поставена е нова електрична инсталација и инсталација за парно греење.

Но немаа проблем само учениците. Ѓорѓе Илиев, 52 годишниот домаќин во училиштето ги познавал сите дупки на кровот, ама тоа не му помагало многу. „Керамидите беа растурени, а летвите под нив изгниени. Вода течеше на повеќе места во училиштето. Најопасно беше кога капеше врз електричното броило. Ако беше послаб дождот ставав кофи, ако беше посилен ни тие не ѝ спасуваа. Ставав подлабоки садови и на таванот за да не стигне водата до долу, до кај децата. И така во последните 10 години. Греењето беше друга приказна. Се греевме со ќумбиња на дрва. Се правеше ѓубре, некогаш и со дим се боревме. Сега е полесно, го палиме котелот за парното и готово, секаде е топло. Прозорците убаво дихтуваат, не се губи многу енергија. Училиштето е направено да служи во следните 100 години", додава со насмевка Ѓорѓе.
За реновирањето на училиштето турската владина организација Тика одвои околу 65.000 евра, а МЦМС со средства од Сокотаб-Швајцарија околу 42.000 евра.

Подобрување на организирањето во руралниот развој



Собирањето информации за актерите во руралниот развој ќе продолжи

МЦМС и Мрежата за рурален развој на Република Македонија на 23 декември 2010 година ја промовираа публикацијата Организации, институции и проекти за рурален развој.

Публикацијата вклучува, на доброволна основа, 39 организации и институции активни на полето на руралниот развој и 56 проекти за рурален развој.

Анализата на собраните информации покажа подобрување на организирањето во руралниот развој. Во последните 10 години се основале повеќе организации во однос на декадата пред тоа . Најголем дел од нив се здруженија на граѓани насочени кон тнр. софт активности: обуки, информации, застапување.

Собраните информации покажаа и дека хуманите ресурси не им се силна страна на здруженијата што работат во руралниот развој. Големо мнозинство од нив (84%) имаат до 100 членови, мнозинство од 69% немаат вработени лица, а малку ги користат и волонтерите како поддршка. Потребно е понатамошно подобрување и на материјалните ресурси. Според податоците, може да се забележи пад на буџетите на организациите од 2009 во 2010 година. Вкупниот буџет во 2009 година изнесува 5.468.273 евра, а планираниот за 2010 е 2.663.041 евра.
Публикацијата ќе ја олесни комуникацијата, а активните чинители во руралниот развој ќе добијат корисна алатка за подобрување на соработката и нивниот заеднички настап таму каде што ќе биде потребно.

Комуникациски вештини за судиите, јавните обвинители, адвокатите...

На тема комуникациски вештини и обука за обучувачи МЦМС, на барање на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Македонија, во ноември и декември, обучуваше судии, јавни обвинители, адвокати, претставници на: Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи – оддел за организиран криминал, Управата за финансиска полиција и Царинската управа.

Во петдневната обука 25-те учесници имаа можност да слушна за правилата на комуникација и причините за прекин на комуникацијата, за стиловите на комуникација, за активното слушање и за фидбекот. Дел од обуката се однесување на циклусот на учење кај возрасните, подготовката на презентации, техниките на фацилитација и фацилитаторските вештини. Во вториот дел од обуката, учесниците во групи по двајца или тројца имаа задача самите да подготват сесија за обука применувајќи дел од вештините и техниките што ги научија на обуката.

Имајќи предвид дека обуката се одвиваше во пресрет на усвојувањето на измените во Законот за кривична постапка, речиси сите теми на кои работеа учесниците беа од таа област. Обучените се стекнаа со вештини кои ќе им помогнат понатаму да ги обучат нивните колеги за да можат подготвено да го пречекаат периодот на стапување на сила на Законот.

Самиот Закон и измените во него ќе бидат предмет на други обуки, расправи и дискусии со кои ќе бидат опфатени учесниците на обуката.

Обуката ја спроведоа Гонце Јаковлеска и Валентина Чичева, обучувачи на МЦМС.



Студиска посета за локалната самоуправа во С. Ирска



Учесниците на обуката во Штрукл центарот во Омах

МЦМС организираше студиска посета во Омах (Северна Ирска), чија цел беше да се даде одговор на прашањето „Како заеднички да се испорачаат услуги во поделено општество во време на економска рецесија". Дел од посетата беа 13 претставници од Собранието на Република Македонија, Министерство за локална самоуправа, Универзитетот на Југоисточна Европа, општините Тетово, Јегуновце и Теарце; Заедницата на единиците на локалната самоуправа и граѓанските организации „Центар за едукација и развој" од Теарце и МЦМС.

Во текот на посетата учесниците имаа можност да се сретнат со претставници на: Асоцијацијата на локалните влади на Северна Ирска, Фондот за интегрирано образование, на Советот на општината Омах, Парламентот на Северна Ирска, како и претставници на Општината Слиго, која се наоѓа во Република Ирска. Тие присуствуваа и на состанок на Советот на општината Омах, како и на еднодневната работилница на тема „Колаборативно водство за развој на заедничко општество , историските дилеми, сеќавањата и културата во пост-конфликтното општество".

„Со посетата на Северна Ирска имав прилика да се запознам со поразлични општествени односи и чинители од оние во Република Македонија. Јас не сум политички аналитичар, но мој впечаток е дека разликите во Северна Ирска потешко ќе можат да се „испеглаат" и покрај континуираните обиди на поединци и групации. Мој впечаток е дека за надминување на постојната состојба која трае со векови, нема искрена желба кај поголемиот дел од граѓаните", вели Војислав Антовски од општина Јегуновце.
„Поделеноста врз верска основа се гледа во образованието, вработувањето и во други сегменти. Добар чекор во надминување на некои од разликите е постигнатиот договор во 1998 г., наречен „Велики Петок", кој според изјавите на нашите соговорници бил спроведен во целост. Меѓутоа функционирање на системот се уште е централизиран", ни изјави Илјаз Халими од општина Тетово.

Локална презентација на „Злосторство без казна"



Од презентацијата во Велес

МЦМС во соработка со неколку локални организации во периодот од 21 до 24 декември организираше информативни настани на тема „Механизми за борба против корупцијата – искуства од Бугарија" на кои меѓу другото беше претставен извештајот за борба против корупција во Бугарија „Злосторство без казна".

Целта на настаните беше локалните засегнати страни да се запознаат со искуството од Бугарија и да се отвори дискусија како може да се даде придонес за спречување на коруптивни дејствија со кои Македонија се соочува и може да се соочи во иднина. На сите четири настани, покрај еден претставник од МЦМС кој го презентирање извештајот „Злосторство без казна", беше присутен и еден претставник од Државна комисија за спречување корупција (ДКСК) кој ги презентираше законската рамка за спречување на корупцијата и судирот на интереси во Република Македонија, надлежностите на Комисијата, работата, досегашните активности и планови за иднина.

Присутните се интересираа и коментираа за повеќе прашања кои се однесуваат на функционирањето на ДКСК и нивната улога во антикорупциските процеси. Некои од прашањата се однесуваа на бројот на предмети кои пристигнуваат и се разгледуваат од ДКСК на годишно ниво како и на бројот на предмети и случаи кои се поведуваат по иницијатива на самата Комисија и дали има резултати и решени случаи. Имаше и прашања за конкретни актуелни случаи поврзани со корупција во Република Македонија. Присутните се интересираа и за организациската структура на Комисијата и надлежностите на нејзините членови. Еден од позначајните предлози за во иднина од страна на локалните организации беше разгледување на можноста за отворање канцеларии на ДКСК надвор од Скопје (по примерот на канцеларииите на Народниот правобранител).

Настаните беа организирани во Гостивар - со поддршка на Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ), во Битола - со поддршка на Форумот за граѓански организации, во Струмица - со поддршка на Центарот за одржлив развој „Порта" и во Велес - со поддршка на Фондација за локален развој и демократија „Фокус".

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов бб, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk